UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof.  Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of  Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад* ....11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* ....................................................................29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурнаta поставеност на советите на општините во источно-плански регион* ....................................................................41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* ....................................................................69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* ....................................................................75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба*....................................................................85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* ....................................................................95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* ....................................................................103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување*....................................................................111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба*....................................................................121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател“ и нејзина примена во меѓудржавните односи* ....................................................................129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање*....................................................................137

**НЕДЕВ Иван**

**УДК: 343.541:340.13(497.7)**
**343.541:347.95(497.7)**

# КРИВИЧНО ДЕЛО - СИЛУВАЊЕ

**Апстракт:** Карактериститика за групата на кривични дела против половата слобода и половиот морал е дуалистичкото гледиште на објектот на заштита. Од една страна, делата против личноста, нејзиното достоинство, угледот и честа, а од друга страна и делата против моралот, против општите морални погледи и сфаќања за дозволеното и недозволеното, во сферата на половите односи. Суштинска карактеристика на овие дела е релацијата помеѓу заштитата на достоинството на личноста и моралните погледи и сфаќања за допуштено и недопуштено во сферата на половите односи. Се заштитува достоинството на личноста во половите односи како и општите морални вредности, во името на заштита на достоинството на човекот. Повеќето од овие дела се насочени против слободно одлучување и претставуваат негација на самоопределувањето и слободното стапување во полови односи. Тука доаѓат и делата што се состојат во искористување некоја посебна позиција или на незаштитеност на определени лица, а со тоа и на релативно ограничена слобода на волја.

**Клучни зборови:** *полова слобода, обљуба, силување, морал, полови односи, достоинство*

# RAPE AS CRIMINAL OFFENSE

**NEDEV Ivan**

**UDK: 343.541:340.13(497.7)**
**343.541:347.95(497.7)**

**Abstract:** Characteristics of the group of crimes against sexual freedom and sexual morality is the dualistic view of the object of protection. On the one hand, the acts against the person, her dignity, reputation and honor, and on the other hand the acts against the morals, against the general moral views and the perceptions of the permitted and illicit, in the sphere of sexual relations. An essential characteristic of these works is the relation between the protection of the dignity of the person and the moral views and understandings of admissible and inadmissible in the sphere of gender relations. Protecting the dignity of a person in gender relations as well as general moral values in the name of protecting the dignity of man. Most of these acts are directed against free decision-making and are a denial of self-determination and free engagement in sexual relations. It also includes works that involve the use of some special position or the unprotectedness of certain persons, and therefore of the relatively limited freedom of will.

**Key words:** *sex freedom, sexual intercourse, rape, morality, sexual relations, dignity*

## ВОВЕД

Криминалното однесување од социолошки аспект, претставува конфликтна ситуација на поединецот со социјалните, општествени норми. Од правен аспект пак, криминални се оние поведенија коишто се изрично забранети со нормите на казненото право и за кои е пропошана соодветна казна или друга санкција, односно истите изрично

се определени како криминални. Агресивниот криминалитет, денес во мошне широк обем е прикажан преку сексуалните деликти. Различните појавни облици на сексуална деликвенција со својата бруталност предизвикуваат често повеќе во споредба со другите дела на насилство, бурна реакција на јавноста. Заштитната функција е насочена кон потребата од заштита на поединецот и општеството од социјално штетни поведенија и санкционирање на општите морални ставови во мерата во која се преломуваат низ таквите поведенија. Повеќето од овие дела се насочени против слободно одлучување и претставуваат негација на самоопределувањето и слободното стапување во полови односи. Тука доаѓат и делата што се состојат во искористување некоја посебна позиција или на незаштитеност на определени лица, а со тоа и на релативно ограничена слобода на волја. Повеќето кривични дела од оваа глава, како конститутивно обележје во законските битија ги имаат дејствијата на обљуба или друго полово дејствие.

- ***обљубата*** е соединување на половите органи на две лица од различен пол. Важно е започнување со продирање на машкиот полов орган во женскиот полов орган. Со тоа е извршена обљубата спојување на двата полови органа, без оглед дали притоа доаѓа до исфрлање на семето (emmissio seminis).

- ***друго полово дејствие*** е секое полово дејствие со кое се задоволува половиот нагон, кое е слично на обљубата. Во пошитока смисла, под полови дејствија се подразбираат дејствија во половите односи што во објективна смисла преставуваат груба повреда на социјално-етичките ставови во сферата на овие односи, а во субјективна смисла се вршат од посебна побуда или намера за разбудување или задоволување на сексуалниот нагон.

Во оваа група на кривични дела против половата слободата и половиот морал спаѓа и кривичното дело силување, за кое ќе зборуваме дополнително.

## ОПШТО ЗА ПОИМОТ КРИВИЧНО ДЕЛО

Во зависност од појдовната основа на барањето на одговор на прашањето што е тоа кривично дело, во историјата биле создавани и сè уште се создаваат голем број меѓусебно различни дефиниции на овој феномен. Како појава во реалниот свет, покрај правниците, кривичното дело исто така ги интересира и социолозите, криминолозите, психијатрите, педагозите. Секој кој одделно ќе му пријде на овој феномен од сопствена специјалност ќе добие различен одговор.

Согледувајќи ги пристапите, се определуваат две групи и тоа, формални и материјални. Формалните се интересираат во формата, додека пак материјалните се интересираат во суштината на кривичното дело. Од друга страна пак, кога треба да се определи формалниот поим на кривичното дело, се појавува прашање, дали ќе се дефинира исклучиво како правен поим или пак како појава во надворешниот свет. Според нормативниот поим, кривичното дело е повреда на нормата содржана во Кривичниот закон (а не повреда на Кривичниот закон). Како за пример, кога некој ќе убие човек (што е забрането со Кривичниот закон), тој не го крши законот, туку нормата „Не убивај!“ која што всушност е содржана во него.[1] Реалистичкиот поим пак, тргнува од поставката дека кривичното дело не е само правен феномен, туку пред сè претставува појава во надворешниот свет, па така треба и да се дефинира.[2]

[1] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., 2010, Македонско кривично право, Општ дел, Седмо изменето и дополнето издание, Просветно дело АД – Скопје, стр. 92.

[2] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., 2010, Македонско кривично право, Општ дел, Седмо изменето и дополнето издание, Просветно дело АД – Скопје, стр. 92.

Македонскиот законодавец се определил за формалната законска дефиниција на кривичното дело („противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон“).[3]

**Основни елементи на кривичното дело**

Според професорите Марјановиќ и Каневчев, околу тоа колку теоријата денес е согласна околу пристапот и дефинирањето на феноменот кривично дело, како обележја, т.е.. елементи на кривичното дело истите ги издвојуваат:

1. Човековото поведение, како активност - дејствие, или пасивност во моментот кога законот налага активност – несторување;
2. Противправност, односно човековото поведение мора да се коси со Кривичниот закон на земјата;
3. Виновност т.е.. сторителот на одреденото поведение мора да заслужува казна и
4. Казнивост, односно за поведението мора да постои предвидена казна во законот.

За да има поврзаност или воопшто да може да се зборува за кривичното дело, најпрво мора несомнено да се утврди дека она што човек го сторил или пропуштил да го стори ги има квалитетите на поведение. Откако ова ќе се утврди како човеково поведение, може да се пристапи кон испитување дали тоа поведение е противправно или не. Ако на ова имаме позитивен одговор, се преминува на тоа дали човекот е виновен, т.е.. дали може да се укори за она што го сторил или пропуштил да го стори. Ако и тука постои позитивен одговор, се пристапува кон утврдување на казнивоста.[4]

**Законско битие на кривичното дело и услов на инкриминација**

Законското битие на кривичното дело претставува збир од посебните елементи што го карактеризираат токму тоа кривично дело, одделувајќи го од другите посебни кривични дела. Со други зборови, преку законското битие на кривичното дело дознаваме што всушност законодавецот забранил, односно кое однесување и поведение се оценува како опасно за човекот, како и човекот со другите во општествената средина.

Понекогаш, поимот на законското битие е потесен од поимот на законскиот опис на кривичното дело. Во бројни кривични дела, покрај тоа што се остварува неправото, односно она што законот го забранил се бара и објективен услов за да постои кривичното дело т.е. услов на инкриминација. Според Марјановиќ и Каневчев, Условот на инкриминација претставува законски одмерен кванититет на штетноста, што мора да биде остварен за една човекова дејност воопшто да стане кривично дело. Функцијата на овој услов е да го ограничи казнувањето кај определена инкриминација само на повреди над одмерениот квантум на штетност.

**Објект на кривичното дело**

Кривичното дело значи опасност од загрозување на опстанокот на општеството и заедничкиот живот на луѓето во него, со што претставува напад врз правните добра

---

[3] Член 7 од КЗ.

[4] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., 2010, Македонско кривично право, Општ дел, Седмо изменето и дополнето издание, Просветно дело АД – Скопје, стр. 96.

интереси или односи. Според ова, сето она што е нападнато со кривичното дело, претставува објект на заштита, или објект на кривично дело. Објектот на заштита е генерички поим и со истиот се определени највисоките вредности на општеството, како човековата егзистенција, телесниот и душевен интегритет, сопственоста, правата и слободите на граѓанинот и сл.[5]

**Субјект на кривичното дело**

Секој човек може да биде извршител или активен субјект на кривично дело, како физичко, а под определени услови и како правно лице. Во одредени кривични дела, за сторител, според законот може да биде само лице со некое посебно својство. Со ова се нагласува и поделбата на општи (delicta propria) и посебни кривични дела (delicta communia). Покрај активниот субјект, важно е да се нагласи и пасивниот субјект односно оштетениот. Пасивниот субјект може да биде како физичко, така и правно лице, на чијашто штета е извршено кривичното дело.

## ПОВРЗАНОСТА НА КРИВИЧНОТО ПРАВО СО КРИМИНОЛОГИЈАТА И СЕКСУАЛНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ

Според Д. Јосифовски, криминологијата е тесно поврзана со кривичното право, односно за оваа поврзаност тој вели дека во изучувањето на кривичните дела мора да се воспостави систем каде кривичната постапка ќе одреди кој треба да биде обвинет и како да се води кривичната постапка, а пак криминологијата и криминалната психологија, се поврзува и се надополнува со кривичното право, на тој начин што ги анализира конкретните фактори коишто влијаеле на особините на личноста за сторување на кривично дело како и тоа кои се мотивите кои довеле кон извршување на кривичното дело.[6]

Под сексуални деликти се опфанати криминалните однесувања со кои се повредува човековиот морал и слобода. Со тоа, во зависност од конкретните страндарди и норми, зависи и обемот и содржината на инкриминацијата. Според проф. Стеван Алексоски, жртвата на силувањето преживува голем степен на физички и емоционални трауми за време на самото силување, непосредно потоа, како и во период кој следи. Истото ова, кај жртвата предизвикува бес, вознемиреност, страв и пониженост, иако нападот веќе поминал.[7]

## СИЛУВАЊЕ

Ова кривично дело е предвидено во член 186 од Кривичниот законик, и е утврдено дека: *тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело, или врз животот и телото врз нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од 3 до 10 години*.[8]

[5] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., 2010, Македонско кривично право, Општ дел, Седмо изменето и дополнето издание, Просветно дело АД – Скопје, стр. 99.

[6] Алексоски, С. (2009 ) Криминологија, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип стр. 22.

[7] Алексоски, С. (2009 ) Криминологија, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип стр. 327-328.

[8] Кривичен законик (Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012,

Ова кривично дело е сложено дело затоа што е составено од акт на присилба и акт на обљуба.

Како специјален вид присилба, ова дело влегува во редот на брутални облици на криминалитет.

Силата може да биде физичка или психичка при што треба да го оневозможи лицето слободно да одлучи дали да стапи во полови односи спротивно на неговата волја, да го присили на обљуба.

Заканата се состои во ставање во изглед определено зло дека непосредно ќе се нападне врз животот или телото на жртвата или на нејзино блиско лице. Под блиско лице покрај лицата во близок родбински однос со жртвата спаѓа и лице што со жртвата се наоѓа во фактички емотивни тесни односи.[9] Освен со сила и закана, присилбата не може да се остварува на друг начин како со измама, доведување во заблуда, или со друго слично дејствие.

Силата и заканата треба да се подобни да го скршат постојаниот или очекуваниот отпор на друго лице. Силувањето претставува непостоење согласност на друго лице, односно негово спротивставување на актот на обљуба или полово дејствие. Отпорот што тоа лице го дава треба да биде сериозен и траен. Делото нема да постои ако лицето не се опира сериозно на намерите на сторителот, ако не ги вложи сите свои сили за да го спречи во нивното остварување, што се оценува во релација со начинот на присилбата.[10]

За постоење на заканата од одлучувачко значење е жртвата врз основа на околностите на конкретниот случај основано да смета дека заканата е сериозна и дека сторителот може да ја оствари. Отпорот треба да биде траен, така што да не постои дополнително согласување со актот на обљуба или полово дејствие. Ова значи дека отпорот треба ефективно да трае од почетокот на присилувањето до довршувањето на делото. [11]

Извршител на ова кривично дело може да биде секое лице од машки и женски пол, способно полово да општи. Ова произлегува од самиот закон, каде што законодавецот ја употребува формулацијата „тој“.[12]

Пасивен субјект е било кое лице од женски или машки пол над 14 годишна возраст, без оглед на годините на старост, моралните својства и претходните односи со сторителот на делото. Пасивен субјект може да биде и лице со кое сторителот живее во брачна или вонбрачна заедница, само што во тој случај гонењето се презема по предлог на оштетениот.

Новина кај ова кривично дело е тоа што во став 2 е предвидена казна од најмалку 10 години, доколку делото е сторено врз дете кое не наполнило 14 години.[13]

---

166/2012, 55/2013, 82/2013, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014 и 160/2014 и 199/14)-во понатамошниот текст КЗ.

[9] Камбовски, В. (2016) Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Клуб Матица, стр. 809.

[10] Витларов, Т. (2013), Казнено право, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип.

[11] Камбовски, В. (2016) Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Клуб Матица, стр. 810.

[12] Камбовски, В. (2016) Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Клуб Матица, стр. 811.

[13] КЗ.

Објект на заштита кај ова кривично дело е слободата во половите односи. Вредноста на овој објект на заштита воопшто не е зависна од моралните квалитети и својства на личноста, што значи дека се заштитува секој човек меѓу кои и проститутка и жена со лабав морал и слично.

## ОБИД И ДОВРШУВАЊЕ НА ДЕЛОТО

Обидот на ова кривично дело започнува со почетокот на примена на сила или закана заради вршење обљуба или друго полово дејствие, при што таквите дејствија треба непосредно да му претходат на актот на обљуба или друго полово дејствие. Нема обид за силување, ако се работи за одалечени дејствија на присилба при која намерата за вршење обљуба или друго полово дејствие е само мотив на поведението на сторителот.

Довршувањето на делото се совпаѓа со извршувањето на актот на обљуба.[14]

Субјективно битие е тоа што делото е умислено. Сторителот треба да биде свесен за тоа дека со употреба на сила или закана го совладува отпорот на жртвата.

Како извршител може да биде било кое лице од машки или женски пол способно полово да општи. Ако повеќе лица заеднички применуваат сила и вршат обљуба или друго полово дејствие, секој од нив е самостоен извршител. Оној кој учествува само во актот на присилба се третира како соучесник.[15]

Бидејќи ова дело спаѓа во групата на кривични дела против половата слобода и половиот морал, а тие пак се од строга лична природа, па затоа доколку се врши истовремено силување на повеќе оштетени, во тој случај се работи за стек на кривичното дело, а не за продолжено дело.

## КВАЛИФИЦИРАНИ И ПРИВИЛЕГИРАНИ ОБЛИЦИ НА ДЕЛОТО

Во член 186, став 3 е утврдено дека ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици, или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, Сторителот ќе се казни со затвор од најмалку 4 години.[16]

Ова значи дека делото добива потежок облик кога дошло до настапување на тешки телесни повреди, смрт или други тешки последици. Одговорноста за тешка последица постои и кога основното дело останало во обид.

Потешко се казнува и силувањето извршено од страна на повеќе лица. За постоење на овој облик е потребно е да учествуваат најмалку 2 или повеќе лица од кои секој поединечно врши акт на обљуба или друго полово дејствие. Во овој случај станува збор за соизвршителство. Како потежок облик е и силувањето извршено на особено суров или понижувачки начин така што извршувањето треба да се одликува како сурово и понижувачко постапување со жртвата што длабоко ги повредува основните човечки

[14] Камбовски, В. (2016) Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Клуб Матица, Кривични дела против половата слобода и половиот морал.
[15] Камбовски, В. (2016) Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Клуб Матица, стр. 811.
[16] КЗ.

чувства и достоинството на личноста. Тоа е на пример, изживување со жртвата, гасење отпушоци врз нејзиното тело и сл.

Како привилегиран облик на делото е пропишаниот специјален облик на присилување на обљуба или друго полово дејствие со уцена.

Во член 186, став 4 е утврдено: тој што друг ќе присили на обљуба со сериозна закана дека него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед, или дека ќе предизвика друго тешко зло, ќе се казни со затвор од 6 месеци до 5 години.[17] Во оваа одредба специјалниот облик се состои со уцена дека за друг или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло.

Во став 5 е криминализирано дело, под име друго полово дејствие. Тоа значи дека казниви се другите полови дејствија остварени во случај на извршување некое од делата од став 1,2 и 3. Па така тој што во случаите од ставовите 1, 2,3 ќе изврши само друго полово дејствие, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од шест месеци до пет години, за делото од став 2 со затвор од една до десет години, а за делото од став 3 со затвор од три месеци до три години.[18]

Друго полово дејствие е она што не е обљуба или противправен блуд, дела што се поврзани со други неморални, непристојни и перверзни дејствија заради задоволување на половиот нагон.[19] За постоење на друго полово дејствие, потребно е да биде преземено дејствието на делото на кое ова дело – другото полово дејствие се однесува во случај на силување, а ако притоа, се остане само на другото полово дејствие.

**Пример од судската пракса:**

**П Р Е С У Д А**

К. бр. 230/11

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

Основниот суд во Кочани, во совет составен од судија Сузана Милевска, како Претседател на Советот, и судиите поротници Виолета Серафимова и Лефтерка Зашева, како членови на Советот, при записничар Јелица Хаџи-Василева, постапувајќи по обвинителниот акт Ко. бр. 212/11 од 08.07.2011 год. на ОЈО Кочани против обвинетиот Благој Сандев од с. Горни Подлог за кривично дело „Силување„ од чл. 186 ст. 4 в.в. ст. 1 и в.в со став 3 од КЗ , по одржаниот главен, таен и усмен претрес на ден 03.08.2011 год. во присуство на ЈО Стевчо Донев, обвинетиот Б.С. и неговиот бранител адв. Ангела Соколова, оштетената Стефани Јованова и нејзиниот полномошник адв. Гоце Ристов ја донесе, а на ден 04.08.2011 година јавно ја објави следната:

[17] КЗ.
[18] КЗ.
[19] Камбовски, В. (2016) Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Клуб Матица, стр. 813.

П Р Е С У Д А

Обвинетиот Б.С. со прекар „/„ роден на ... година во Кочани, од татко ..., мајка ...., живее во с. Горни Подлог на ..., женет за Лолита, татко на две малолетни деца, писмен, со завршено основно образование, земјоделец, со месечни приходи од околу 4000 до 5000 денари, војска служел во Скопје во 1996 година, Македонец, државјанин на РМ, досега неосудуван, друга постапка не се води, издржувал мерка притвор во Затвор Прилеп од 22.06.2011 година до 04.08.2011 година, со ЕМБГ ...

ВИНОВЕН Е

ЗАТОА ШТО:

Со намера да ги задоволи своите полови страсти, ноќта помеѓу 17- 18 .06.2011 год., во спалната соба на катот од куќата во која живее на ... во с. Горни Подлог, со сериозна закана дека доколку со него нема полови дејствија ќе предизвика тешко зло така што ќе го растури семејството и дека ќе се разведе од нејзината сестра Лолита и со тоа ќе се уништи иднината на малолетните деца Бојан и Јована, а тоа сериозно ќе влијае и на така лошата здравствена состојба на нејзината мајка, и со употреба на сила, присилно извршил полови дејствија врз оштетената-малолетната С. Ј., родена на ... год. - сестра на неговата брачна другарка, на начин што ја одвел во спалната соба, ја турнал во креветот, со сила силно влечејќи со рацете и го соблекол долниот дел од тренерката и гаќите и веднаш почнал да ја лиже по телото и по половиот орган и да ја гали по градите, а потоа ја свртел и од позади неговиот полов орган го ставал во аналниот отвор на оштетената, иако таа плачела и го молела тоа да не и го прави, па потоа со сила и ја зел раката и ја ставал на неговиот полов орган, цврсто стискајќи ја за раката иако таа се спротивставувала на тоа плачела и молела и се обидувала да ја отргне раката од него.

Со ваквите дејствија обвинетиот Б.С. сторил едно кривично дело „Силување„ од чл. 186 ст. 4 в.в. ст.1 и в.в со став 3 од КЗ, па согласно овој член и чл. 32, 33, 35 и 39 од КЗ и чл. 88,91, 96 и 101 од ЗКП, судот го:

О С У Д У В А

НА КАЗНА ЗАТВОР во траење од 1 (една) година и 6 (шест) месеци.

Во казната затвор на обвинетиот Б.С. му се засметува времето поминато во притвор сметано од 22.06.2011 год. до 04.08.2011 год.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Б.С. да на име судски паушал плати износ од 8.000,оо денари како и да ги надомести трошоците во оваа постапка во вкупен износ од 6.500,оо денари, а сè во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Б.С. во рок од 15 дена да ѝ ги надомести трошоците во постапка на оштетената С. Ј. во вкупен износ од 9.100,оо денари.

Оштетената С. Ј. за пријавеното оштетно побарување се упатува на спор.

По правосилноста на оваа пресуда на обвинетиот Б.С. да се вратат привремено одземените предмети и тоа: еден бел чаршав, една пластична туба плава боја со непозната материја, плава крпа, зелено-бела крпа, црно-бела маица, плава маица, плави дводелни машки тренерки, еден пар црни и еден пар бели машки гаќи, а на оштетената С.Ј. една бела маица со апликација на ,,Мини маус,, и долен дел црни женски тренерки.

## ЗАКЛУЧОК

Со ова кривично дело се заштитува поединецот и општеството од социјално штетни поведенија и санкционирање на општите морални ставови во мерата во која се преломуваат низ таквите поведенија.

Имајќи го во предвид објектот на заштита се заштитува слободата на личноста во половите односи и општите морални значања што за свој објект ги имаат тие односи.

Кривичното дело силување е опфатено во македонскиот Кривичен законик, во главата Кривични дела против половата слобода и половиот морал, во член 186.

За сите што ќе сторат кривично дело силување следи казна затвор од 3 до 10 години.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Кривичен законик (Службен весник на Република Македонија бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014 160/2014 и 199/14);

Камбовски, В., (2016), Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Клуб Матица;

Витларов, Т. (2013), Казнено право, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;

Алексоски, С. (2009 ) Криминологија, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;

Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., 2010,  Македонско кривично право, Општ дел, Седмо изменето и дополнето издание, Просветно дело АД – Скопје;

Пресуда К. бр. 230/11 на Основен суд Кочани.